**2026049837**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ

Врз основа на член 94 став (4) од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр. 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16, 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 224/24,233/24 и 87/25), министерот за транспорт донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СТЕПЕНОТ НА УРЕДУВАЊЕТО НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ СО ОБЈЕКТИ НА КОМУНАЛНАТА ИНФРАСТРУКТУРА И НАЧИНОТ НА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА ТРОШОЦИТЕ ЗА УРЕДУВАЊЕТО ВО ЗАВИСНОСТ ОД СТЕПЕНОТ НА УРЕДЕНОСТ

Член 1

Во Правилникот за степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 193/16, 72/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 16/22) во членот 4 став (1) во точката 3 алинејата 2 се менува и гласи:

„- спортски покриени објекти, 0,1;“.

Алинејата 3 се менува и гласи:

„- спортски откриени објекти, 0,1;“.

Алинејата 6 се менува и гласи:

„- базени, 0,1 и“.

Алинејата 7 се менува и гласи:

„-трафостаници над 35KW, 0,1.“.

Член 2

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 01-2014/1
6 март 2026 година
Скопје

Министер за транспорт
**Александар Николоски,** с.р.